Врз основа на член 13, став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), член 32, став 1 од Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/10, 63/12 и 159/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 62/21, 85/23, 52/24 и 157/24) и член 5, став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година и бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година Државниот испитен центар Скопје распишува

**ПОВТОРЕН ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на надворешни соработници-членови на**
**државна матурска предметна комисија**

Државниот испитен центар Скопје распишува повторен јавен конкурс за избор на 3 (три) надворешни соработници-членови на државна матурска предметна комисија за екстерниот испит по предметот англиски јазик.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:**

- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во средните училишта во Република Северна Македонија;
- да имаат најмалку 7 (седум) години работно искуство во настава;
- да имаат најмалку 3 (три) години искуство во процесот на оценување на екстерните испити од државната матура.

**Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mk ;
- кратка биографија;
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од прв циклус од соодветната област, заверена на нотар;
- потврда дека се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во средните училишта во Република Северна Македонија;
- потврда за најмалку 7 (седум) години работно искуство во настава;
- доказ за најмалку 3 (три) години искуство во процесот на оценување на екстерните испити од државната матура (решение, договор или потврда).

За пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите наведени во конкурсот ќе се спроведе интервју, по што ќе биде извршен конечниот избор.

Кандидатите кои ќе бидат избрани ќе бидат ангажирани за период од 2 (две) години, сметано од денот на склучувањето на договорите за ангажирање надворешни соработници–членови на државните матурски предметни комисии.

Изборот на надворешни соработници–членови на државната матурска предметна комисија се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар.

Конкурсот трае заклучно со ден 29.11.2024 година.

Пополнетата пријава со потребната документација се доставува ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници – членови на државна матурска предметна комисија“.

Нема да бидат разгледувани следниве пријави:

- пријавите доставени по истекот на предвидениот рок;
- нецелосно пополнетите пријави;
- пријавите кон кои не е доставена предвидената документација;
- пријавите кои не се доставени по пошта со препорачана поштенска пратка.

Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број 075 284 335, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ